| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | | | 1 |
| Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време: | | | | |

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДЕЗ 0102 Г01 007 Финансов Книговодител<br>1 извршител | Административно помошно техничка служба Административен оддел | Пензионирање | 496.368,00 ден. |
| 2. | / | / | / | / |

***Табела 2.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

*

| | | |
|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | |

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други органзациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | / | | | | |
| 2. | / | | | | |

***Табела 3.** Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција): *(наведете број)* | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните по пат на мобилност (преку преземање од друга/и институција/и): | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
| 1. | / | / | / |

* ***Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располегаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 1 | 1 | / | / | 0 |

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФК „Преспа“ Ресен

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК „Преспа“ Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2025 година.

Бр.09-1634/9
30.06.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр 5/02 и 202/24), член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“, бр.7/2010,13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 27.06.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства
на ФК „Преспа“ Ресен

Член 1

Со оваа Одлука му се одобруваат финансиски средства во износ од 500.000,00 денари (пет стотини илјади денари) на барателот ФК „Преспа“ Ресен, средствата се потребни заради зголемените трошоци во изминатата натпреварувачка сезона во 3-та Македонска фудбалска лига југозападен регион и зголемените аспирации за влез во 2-та Македонска фудбалска лига, освојување на шампионската титула во истата лига и одигрување на баражни натпревари.

Член 2

Одобрените средства во износ од 500.000,00 денари ќе се исплатат со Ребалансот на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја изврши оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1562/12
27.06.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2025 година.

Бр.09-1634/10
30.06.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и 202/2024), член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) и член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата „Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) Советот на Општина Ресен на седница, одржана на 27.06.2025 година донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „11 Септември“ Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„ 11 Септември“ Ресен усвоен од Управниот одбор на Јавна Општинската установа за деца – детска градинка „11 Септември“ Ресен под бр. 01-96/1 од 03.06.2025 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1562/13 | Претседател
27.06.2025 година | Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Р е с е н

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна општинска установа за деца -
Детска градинка 11-ти СЕПТЕМВРИ
Бр. 01-96/1
03.06. 2025 год.
Ресен

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА
„11 СЕПТЕМВРИ" – РЕСЕН

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „11 СЕПТЕМВРИ" – РЕСЕН

РЕСЕН,
**Мај, 2025 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 116 став (1) алинеа 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21, 150/22, 236/22, 17/25), член 24 став 1 алинеа (8) од Статутот на Јавната општинска установа за деца детска градинка „11 СЕПТЕМВРИ" –РЕСЕН, Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца детска градинка „11 СЕПТЕМВРИ" -РЕСЕН, на седницата одржана на ден 09.06.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „11 СЕПТЕМВРИ" – РЕСЕН

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „11 СЕПТЕМВРИ" – РЕСЕН заведен под број 01-211/1 од 24.12.2020 год., и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места бр.01-106/1 од 04.09.2023г.

Член 2

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка I. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ во подточка I.1. Административно помошно техничка служба во I.1.1.Административен оддел, по работното место со реден број 1, со шифра на работно место ДЕЗ0102В04001 и назив Помлад соработник-секретар се додава ново работно место со реден број 1-а кое гласи:

| I. Административна служба и помошно технички персонал | |
|---|---|
| I.1. Административно помошно техничка служба | |
| I.1.1.Административен оддел | |
| Реден број | 1-а |
| Шифра | ДЕ30102В01001 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Секретар |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Директор |
| Вид на образование | Општествени науки- Право |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | -Совесно стручно и одговорно однесување во остварувањето на законското и ефикасното работење во насока на извршување на нормативно-правните работи. |
| Работни задачи и обврски | -давање стручни и правни совети, управува со човечките ресурси, контролира кадровската и персоналната евиденција<br><br>-изработување предлог нормативни акти, одлуки, решенија и правни акти кои ги донесува Управниот одбор, односно директорот;<br><br>-по овластувања од директорот ја застапува јавната детска градинка пред надлежните и други државни органи и ракува со печатот и штембилот на установата;<br><br>-планирање, изработување на акти, следење и применување на законските и други прописи што се однесуваат за архивско работење;<br><br>-издавање решенија, уверенија, потврди согласно законските прописи и акти на јавната детска градинка;<br><br>-учествување во спроведување на постапките за |

| | |
|---|---|
| | јавни набавки;<br>-давање информации од јавен карактер;<br>-одговорно лице за заштита на лични податоци;<br>-планирање, подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба;<br>- водење соодветна евиденција за имотот на јавната детска градинка. |

Член 3

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка I. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА И ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ во подточка I.1. Административно помошно техничка служба во I.1.1.Административен оддел, кај работното место со реден број 2, шифра ДЕ30102Г01007, назив на работно место- Финансов Книговодител, во делот Вид на образование „Средно образование-економско, правно или гимназија“ се менува и гласи „Вишо/Средно образование“.

Член 4

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ во подточка II.2. Воспитно-згрижувачка служба во II.2.1.Оддел на воспитувачи, работното место со реден број 11 со шифра на работно место ДЕ30303В03001 и назив- Воспитувач на деца над 2-6 години возраст, во делот број на извршители бројот “8” се заменува со бројот “9”.

Член 5

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ во подточка II.2. Воспитно-згрижувачка служба во II.2.1.Оддел на воспитувачи, работното место со реден број 12 со шифра на работно место ДЕ30303В04001 и назив на работно место- Воспитувач на деца над 2-6 години возраст, во делот број на извршители бројот “5” се заменува со бројот “3”.

Член 6

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, во подточка II.2. Воспитно-згрижувачка служба, во II.2.1. Оддел на воспитувачи, работното место со реден број 14 со шифра на работно место ДЕ30303В04002 и назив на работно место- Воспитувач на деца од поаѓање во

основно училиште до 10 години возраст, во делот број на извршители бројот "2" се брише.

Член 7

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, подточка II.2. Воспитно-згрижувачка служба, во II.2.2. Оддел на негователи, работното место со реден број 15 со шифра на работно место ДЕЗ0303Д03001 и назив на работно место- Неговател, во делот број на извршители бројот "10" се заменува со бројот "13".

Член 8

Во делот III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во точка II. ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, подточка II.2. Воспитно-згрижувачка служба, во II.2.2. Оддел на негователи, работното место со реден број 16 со шифра на работно место ДЕЗ0303Д04001 и назив на работно место- Неговател-приправник, во делот број на извршители бројот "8" се заменува со бројот "3".

Член 9

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласност од Советот на Општина РЕСЕН, Министерство за социјална политика, демографија и млади и Министерството за јавна администрација.

Арх. број 01-96/1
Датум 03.06.2025 год.

**Претседател на УО,**

**Лилјана Прцуловски**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИ МЕСТА
### ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „11 СЕПТЕМВРИ“ – РЕСЕН

| **Р. бр.** | **Шифра** | **Звање и/или назив на р.м.** | **Број на системат. р.м.** | **Број на пополнети р.м.** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Админис. Оддел** | **Дават. на услуги** | **Пом.те .оддел** |
| 1 | ДЕЗ 0102 В04 001 | Помлад соработник-Секретар | 1 | 1 | | |
| 1-а | ДЕЗ 0102 В01 001 | Советник-Секретар | 1 | | | |
| 2 | ДЕЗ 0102 Г01 007 | Книговодител | 1 | | | |
| 3 | ДЕЗ 0102 Г01 008 | Благајник | 1 | 1 | | |
| 4 | ДЕЗ 0401 А01 001 | Хаусмајстор | 1 | | | 1 |
| 5 | ДЕЗ 0401 А01 005 | Градинар | 2 | | | 2 |
| 6 | ДЕЗ 0401 А01 003 | Ложач или ракивач на парни котли | 1 | | | 1 |
| 7 | ДЕЗ 0401 А01 004 | Хигиеничар | 4 | | | 4 |
| 8 | ДЕЗ 0404 А01 001 | Главен готвач | 1 | | | 1 |
| 9 | ДЕЗ 0404 А04 001 | Садомијач/ серверка | 1 | | | 1 |
| 10 | ДЕЗ 0404 А03 001 | Помошник готвач | 2 | | | 2 |
| 11 | ДЕЗ 0303 В03 001 | Воспитувач на деца над 2-6 години возраст | 9 | | 7 | |
| 12 | ДЕЗ 0303 В04 001 | Воспитувач-приправник | 3 | | 2 | |
| 13 | ДЕЗ 0303 В03 002 | Воспитувач на деца од поагање на училиште до 10 годишна возраст | 2 | | 2 | |
| 14 | ДЕЗ 0303 В04 002 | Воспитувач на деца од поагање на училиште до 10 годишна возраст Приправник | (се брише) | | | |
| 15 | ДЕЗ 0303 Д03 001 | Негователи | 13 | | 10 | |
| 16 | ДЕЗ 0303 Д04 001 | Негователи-Приправник | 3 | | 3 | |
| **Вкупно** | | | **46** | **2** | **24** | **12** |

## 11.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за определување на надоместокот за поставување натписи, паноа и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат со јавен пат, поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на пат и вонреден превоз

Се објавува, Одлука за определување на надоместокот за поставување натписи, паноа и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат со јавен пат, поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на пат и вонреден превоз, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 27.06.2025 година.

Бр.09-1634/11 Градоначалник
30.06.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 62 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24), Советот на Општина Ресен, на седница одржана на ден 27.06.2025 година донесе

ОДЛУКА

За определување на надоместокот за
поставување натписи, паноа и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат со јавен пат, поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на пат и вонреден превоз

ПОИМНИК

Член 1

Одделни изрази употребени во оваа Одлука го имаат следново значење:

1. „Општински пат” е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината;
2. “Заштитен појас“ е земјен појас од двете страни на патниот појас во кој не можат да се градат објекти, освен објекти кои се во функција на патот;
3. ‘‘Вонреден превоз‘‘ е превоз на стоки со товарно моторно возило или самото возило кое преминува по општински пат или улица, а ги надминува пропишаните и дозволени вкупни димензии, вкупна тежина и осно оптоварување на товарните моторни возила.
4. ‘‘Инсталации‘‘ се подземни и надземни водови за далновод, трафостаница, канализација, водовод, топловод, како и разни видови водови (телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување и други слични уреди)
5. ‘‘Натписи и рекламни паноа‘‘ се паноа со светлосни или без светлосни ефекти кои се користат за информативни и рекламни цели, поставени на вертикален столб или столбови и постоечки канделабри во патниот или заштитниот појас на општинските патишта и улици со површина на рекламното пано помала од 30 м2.
6. ‘‘Прекумерно користење‘‘ е користење на јавен пат или негов дел е времено или трајно користење на патот на повеќе од 50% од сите извршени превози на стока на патот, поради извршување на инвестициони работи или заради вршење на производни и услужни дејности (искористување на камења, руди или слично), прекумерното користење на јавниот пат се утврдува врз основа на просечен годишен дневен сообраќај на товарни возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на прекумерниот корисник (правно или физичко лице кое изведува инвестициони работи или дејности)

Член 2

Со оваа Одлука се уредува постапката за добивање на дозвола за вонреден превоз, поставување натписи и рекламни табли, паноаа во заштитниот појас, прекумерно користење на локални улици и патишта и поставување на инсталации во трупот на патот, приклучување на пристапен пат со јавен пат,  како и потребните докази кој барателите за соодветната дозвола се должи да ги достават кон секое барање и висината на надоместокот за секој вид на барање кој барателите се должни да го уплатат.

ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ

Член 3

За издадената дозвола за вонреден превоз на општинските патишта и улици се наплаќа надоместок во висина од:

до 5 тона оптеретување, 30,00 денари за секој тон надминато оскино оптоварување (вкупно за сите погонски и непогонски оски) по должен километар;

од 5,1 тон до 10 тона оптеретување, 50,00 денари за секој тон надминато оскино оптоварување (вкупно за сите погонски и непогонски оски) по должен километар и

над 10 тона оптеретување, 80,00 денари за секој тон надминато оскино оптоварување (вкупно за сите погонски и непогонски оски) по должен километар

Ако возилото, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар ја надминува дозволената должина, се плаќа надоместок од 300,00 денари по км.

Ако возилото, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар ја надминува дозволената ширина, се плаќа надоместок од 300,00 денари по км.

Ако возилото, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар ја надминува дозволената висина, се плаќа надоместок од 300,00 денари по км.

Ако за вршење на вонредниот превоз е потребно да се преземат мерки за обезбедување, потпирање и зајакнување на објектите на патот и слично, трошоците во врска со превземањето на тие мерки се на товар на превозникот.

Превозникот ги сноси сите трошоците за евентуално настанати оштетувања на патот и објектите на патот, односно во непосредна близина на патот од вонредниот превоз.

Член 4

Дозволата за вонреден превоз се издава врз основа на Барање за добивање на дозвола за вонреден превоз доставено до Општина Ресен од превозникот со потребна техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член содржи:

- податоци за подносителот на барањето со адреса на правното лице;
- марка на возилото и регистарски број за кое се издава дозволата;
- видот на товарот кој е заведен за превоз со возилото;
- релација на вонредниот превоз (почетна и крајна дестинација и патните правци по кои ќе се одвива вонредниот превоз),

- почетниот и крајниот датум за кој се бара дозвола за вонредниот превоз и
- за возила со вонгабаритен товар, конструктивна анализа за пресметка на карактеристични влијанија на возила со вангабаритен товар со носивоста на мостовските конструкции.

Кон барањето, превозникот приложува скица на моторното возило заедно со приколката/полуприколката, со внесени вкупни димензии (должина, ширина, висина и тежина на товарното моторно возило заедно со товарот), со означени растојанија меѓу оските на моторното возило и растојание меѓу оските на приколката/полуприколката како и фотокопии од сообраќајните дозволи за моторното возило и за приколката/полуприколката и доказ за извршена уплата за издавање на дозвола и наплатена административна такса за вонреден превоз.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАНОА, РЕКЛАМНИ ТАБЛИ И НАТПИСИ

### Член 5

Натписи, рекламни табли и паноа може да се поставуваат на објекти и слободностоечки во заштитниот појас на локалните патишта и улици само со дозвола или друг управен акт за нивно поставување, издадена од Градоначалникот на Општина Ресен.

### Член 6

Дозволата за поставување на паноа, натписи и рекламни табли во заштитниот појас на патот се издаваат врз основа на Барање за добивање на дозвола за поставување на натписи и рекламни табли со приложена техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член за рекламни табли, паноа и натписи поставени на објекти или постоечки канделабри содржи:

- податоци на подносителот на Барањето на дозволата;
- локацијата каде што натписот и/или рекламната табла се бара да биде поставена;
- техничка скица од која се гледа изгледот, содржината, боите и димензиите на натписот и/или рекламната табла и
- растојанието на рекламната табла од патниот појас, мерено од крајниот раб на таблата.

Барањето од став 1 за слободностоечки рекламни табли, паноа и натписи содржи:

- Податоци за подносителот на барањето на дозволата;
- Ревидиран основен проект;
- Позитивно мислење за проектираниот степен за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градба;
- Доказ за сопственост на земјиштето;

- Изјава за веродостојност на постоечката состојба (заверена на нотар).

По поднесување на Барањето се врши теренски увид за одредување на локацијата и условите за поставување на пано, рекламната табла или натпис, за што се составува записник за поставување со точна стационажа на патот.

Барањето од став 2 и став 3 од овој член со целокупната документација се разгледува од страна на Секторот за урбанизам комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка, заради утврдување на условите за негово прифаќање.

Член 7

Рекламните табли, натписи и паноа се поставуваат така што местоположбата, изгледот и содржината не треба да пречи на поставената вертикална сигнализација на патот, прегледноста на патот или да влијае на безбедноста на сообраќајот на патот.

Рекламните табли или натписи не треба да бидат осветлени и нивните бои да не се рефлектирачки и слични на боите на сообраќајните знаци и знаците за водење на сообраќајот.

При поставувањето на рекламните табли или натписи подносителот на барањето односно изведувачот не може да го зафаќа патот и патниот појас со градежен материјал и механизацијата за работа, или да ја оштети заштитната жичана ограда и опремата на патот.

Член 8

Поставувањето на паноа, рекламните табли и натписи се врши во согласност со условите пропишани во добиената дозвола. Во случај на нивно непочитување и отстапување се поведува постапка за запазување на утврдените услови со дозволата или дозволата се одзема.

Член 9

За поставените рекламни табли, паноа и натписи во заштитниот појас на локалните патишта и улици на територија на Општина Ресен, се плаќа годишен надоместок. Висината на годишниот надоместок се пресметува во зависност од површината на рекламната табла, пано или натписот и тоа:

1) За рекламна табла, пано, натпис до 0,5 м2 – 800,00 денари
2) За рекламна табла, пано, натпис од 0,5 м2 до1 м2 – 1 200,00 денари
3) За рекламна табла, пано, натпис од 1 м2 до 2 м2 – 1 800,00 денари
4) За рекламна табла, пано, натпис над 2 м2 – 2 500,00 денари

Член 10

За поставените рекламни табли, паноа и натписи во заштитниот појас на локалните патишта и улици на територија на Општина Ресен, општината води посебен регистар. Градоначалникот на Општина Ресен со посебен акт најкасно до 31 Јануари за тековната година ќе ги задолжи сите физички и правни лица кои поставиле рекламна табла, пано, натпис да го уплатат износот утврден со дозволата за поставување во рок од 30 дена .

Правните и физичките лица кои немаат понатомошен економски или друг интерес за истакнување на поставените рекламни табли, паноа, натписи се должни за тоа да ја известат општината и истите навремено да ги отсранат. Доколку не бидат отсранети, општината ќе ги отсрани на нивен трошок.

ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИ ВО ТРУПОТ НА ПАТОТ

Член 11

За поставување на инсталации во трупот на локалните патишта и улици на територија на Општина Ресен, Градоначалникот на Општина Ресен носи посебен акт со кој се одобрува поставување и пресметка за надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот однсоно патниот појас (трупот, банкини и тротоари).

За прекоп на улица или локален пат кон Барањето се поднесуваат следните прилози:

- Податоци за подносителот на барањето на дозволата;
- Ревидиран основен проект;
- Доказ за сопственост на земјиштето;
- Изјава за враќање на првобитна состојба (заверена на нотар);
- Административна такса;
- Сообраќаен проект;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци.

Пресметката се изработува согласно површината од Основниот проект или останата техничка документација со која инвеститорот добил Одобрение за градење.

Во зависнот од подрачјето каде се поставуваат инсталациите износот на пресметката се пресметува на следниот начин:

За територија на град Ресен (согласно ГУП за град Ресен) – за поставени инсталации во ископ со:

- површина до 10 м2 се плаќа надоместок од 1 000,00 денари за метар квадратен.
- површина од 10 м2 до 50 м2 се плаќа надоместок од 800,00 денари за метар квадратен.
- површина над 50 м2 се плаќа надоместок од 600,00 денари за метар квадратен.

За територија надвор од град Ресен односно за поставени инсталации на трупот од локални патишта:

- површина до 10 м2 се плаќа надоместок од 500,00 денари за метар квадратен.
- површина од 10 м2 до 50 м2 се плаќа надоместок од 400,00 денари за метар квадратен.
- површина над 50 м2 се плаќа надоместок од 300,00 денари за метар квадратен.

Член 12

Надоместокот од член 11 не се наплаќа за проекти, инфраструктурни инсталации финансирани од Општина Ресен, јавни претпријатија основани од Општина Ресен, Влада на РСМ, министерствата, јавни претпријатија, јавни установи основани од Влада на РСМ и Собрание на РСМ, проекти финансирани од ЕУ фондови и останати меѓународни фондови и организации а се од интерес од локално значење.

Член 13

По завршување на градежните работи за прекоп или ископ, инвеститорот е должен оштетните јавни површини, улици и патишта да ги доведе во првобитна состојба и да даде гаранција за истите 2 години од прадавање во употреба.

НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕКУМЕРНО КОРИСТЕЊЕ НА ПАТ

Член 14

За прекумерно користење на локалните патишта и улици на територија на Општина Ресен се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарните возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на надлежен орган.

Надоместокот од став 1 од овој член изнесува 500,00 денари за секое возило дневно над просекот.

Член 15

Правните и физичките лица кои вршат превоз со носивост поголема од 10 тона односно прекумерно користат локален пат или улица на територија на Општина Ресен согласно член 14 од оваа одлука се должни да го пријават прекумерното користење на локалните улици и патишта. Доколку истото не го сторат, општината по службена должност со посебен акт ќе ги задолжи да уплатат соодветен износ согласно прекумерното користење на локалните патишта и улици.

ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ОПШТИНСКИ ПАТ

Член 16

Висината на надоместокот за приклучување на пристапен пат со општински пат или улица се плаќа еднократно и истиот изнесува 18.000,00 денари.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08–1562/14
27.06.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

СОДРЖИНА:

1.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година.............................................................................................................................стр.1

2.Одлука за прифаќање донација – Противпожарно возило од Operation Florien Ltd (Операција Флоријан ДОО Обединето Кралство)..................................................................................стр.3

3.Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2025 година.......................................................................................стр.5

4.Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на ЈКП “Пролетер“ Ресен…..............................……………………………………………………………………стр.7

5.Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградени објекти на КП бр.412/1 во КО Сливница, на барање на Стефче Наумовски од с. Сливница, Ресен.............................................................................стр.9

6.Програма за измена и дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 - Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2025 година.…………………..............................………………………………………………......стр.12

7.Годишен план за вработување за 2026 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија“ Ресен..........................................................................................................................стр.15

8.Годишен план за вработување за 2026 година на ЈОУДГ “11 ти Септември “ Ресен ............стр.27

9.Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК ,,Преспа,, Ресен.............................стр.37

10.Одлука за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен.............................стр.39

11.Одлука за определување на надоместокот за поставување натписи, паноа и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат со јавен пат, поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, прекумерно користење на пат и вонреден превоз..............................................................................................................................стр.47

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**